**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**
ул. „Самоилова“ бр.10, 1000 Скопје; тел: +389 2 3244 760; факс. +389 2 3244 766;
www.dzlp.mk

# ПРОГРАМА
# за работа и инспекциски надзор на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2011 година

## I. ВОВЕД

Врз основа на **Законот за заштита на личните податоци** податоци („Службен весник на Република Македонија„ бр.7/05, 103/08 и 124/10) основана е Дирекцијата за заштита на личните податоци (Дирекцијата) како самостоен и независен државен орган со својство на правно лице заради

вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработување на личните податоци и нивната заштита на територијата на Република Македонија. Со Законот за заштита на личните податоци со кој се гарантира заштитата на личните податоци и правото на приватност од 2005 година и извршените новели од 2008 и 2010 година е целосно усогласен со правото на Европската Унија и мегународните договори на Советот на Европа.

Со содржината на Програмата за работа на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2011 година (Програмата) се опфатени основните функции и организацијата на Дирекцијата утврдени со закон.

Во Програмата функциите што ќе ги извршува Дирекцијата во 2011 година се систематизирани по области и тоа:

1. Инспекциски надзор;
2. Нормативна и аналитичка дејност;
3. Централен регистар на збирки на лични податоци;
4. Обуки;
5. Проекти;
6. Соработка и консултации со јавниот, приватниот и невладиниот сектор ;
7. Меѓународна соработка.

## II. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

1. Инспекциски надзор

Редовниот инспекциски надзор се врши над примената и спроведувањето на Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија„ бр. 7/05, 103/08 и 124/10) и другите прописи донесени врз основа на Законот за заштита на личните податоци.

Редовниот инспекциски надзор ќе се врши кај контролорите, односно обработувачите во следните области, односно сектори:

- Трговија;
- Обезбедување на имот и лица;
- Туризам и угостителство;
- Производство;
- Органи за спроведување на законот (Law enforcement authorities);
- Јавно обвинителство;
- Судство;
- Лица кои вршат јавни овластувања утврдени со закон;
- Јавни служби;
- Земјоделие, шумарство и водостопанство;
- Здравство;
- Образование;

- Банкарство;
- Осигурување;
- Телекомуникации и
- Здруженија и фондации.

**Рок: Континуирано во текот на календарската година**

Вонредниот инспекциски надзор се врши врз основа на иницијатива поднесена од орган на државна власт, правно или физичко лице, како и во случај на сомневање на инспекторот за повреди на одредбите на овој закон. Вонредниот инспекциски надзор се врши и во случаите по поднесено барање согласно со одредбите од членот 18 на Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија„ бр. 7/05, 103/08 и 124/10).

**Рок: Континуирано во текот на календарската година**

Контролниот инспекциски надзор се врши по истекот на рокот определен во решението за да се утврди дали се извршени решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор.

**Рок: Континуирано во текот на календарската година.**

2. Изработување и донесување на месечни планови за вршење на инспекциски надзор

**Рок: Континуирано во текот на календарската година.**

3. Извештај за извршените инспекциски надзори за 2010 година.

**Рок: Февруари 2011 година**

## III. ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА ЗБИРКИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Дирекцијата за заштита на личните податоци согласно одредбите на член 30 од Законот за заштита на личните податоци води електронски Централен регистар на збирки на лични податоци (Централен регистар). Во Централниот регистар во текот на 2011 година посебно ќе се интензивираат активностите на:

1. Евидентирање на збирки со лични податоци во Централниот регистар по пријава на контролорите

**Рок: Континуирано во текот на календарската година**

2. Известувања за поефикасна имлементација на прописите за заштита на личните податоци во следните области:

   1. Образование;
   2. Здравство;
   3. Медиуми;
   4. Работни односи, вработување, посредување при вработување;
   5. Телекомуникации;
   6. Пензиски фодови;
   7. Социјална заштита;
   8. Економија;
   9. Правосудство;
   10. Осигурување;
   11. Органи за спроведување на законот (Law enforcement authorities)
   12. Банкарство, инвестициски фондови и берзи, и
   13. Јавна администрација.

**Рок: Континуирано во текот на календарската година**

3. Редизајнирање на апликативните решенија за водење на Централниот регистар и веб страницата на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

**Рок: Декември 2011 година**

## IV. НОРМАТИВНА И АНАЛИТИЧКА ДЕЈНОСТ

1. Дирекцијата за заштита на личните податоци врз основа на извршените инспекциски надзори, реализираните проекти и тековните активности во текот на 2011 година ќе изработи:

1. Годишен извештај за работата на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2010 година

**Рок: Март 2011 година**

2. Информации до Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија за состојбата и потребата од зајакнување на човечките ресурси во Дирекцијата за заштита на личните податоци, како и за потребата од усогласување на работата на контролорите и обработувачите со прописите за заштита на личните податоци.

**Рок: Јуни 2011 година**

3. Стратегија за развој на Дирекцијата за заштита на личните податоци

**Рок: Септември 2011 година**

4. Програма за работа на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2012 година

**Рок: Декември 2011 година**

5. Програма за обуки на контролори и обработувачи за 2012 година

**Рок: Декември 2011 година**

6. Програма за обуки на вработените во Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2012 година

**Рок: Декември 2011 година**

7. Анализа за состојбите за имплементација на прописите за заштита на личните податоци во областа на образованието.

**Рок: Декември 2011 година**

8. Анализа за состојбите за имплементација на прописите за заштита на личните податоци во областа на здравството.

**Рок: Декември 2011 година**

9. Анализа за имлементација на прописите за заштита на личните податоци од страна на контролорите и обработувачите и пријавувањето на збирки со лични податоци во Централниот регистар на збирки за лични податоци

**Рок: Декември 2011 година**

10. Анализа за состојбите за имплементација на прописите за заштита на личните податоци во локалната самоуправа .

**Рок: Декември 2011 година**

2. Издавање на одобренија за обработка на посебни категории на лични податоци согласно член 29 од Законот за заштита на личните податоци

**Рок: Континуирано во текот на календарската година**

3. Издавање на одобренија за пренос на лични податцои во други држави согласно прописите за заштита на личните податци

**Рок: Континуирано во текот на календарската година**

## V. ОБУКИ

1. Дирекцијата во текот на 2011 година ќе одржи обуки на контролорите и обработувачите согласно утврдената диманика и областите определени во Годишната програма за обуки на контролори на збирки на лични податоци и обработувачи бр.02-1304/1 од 27.10.2010 година.

**Рок: Континуирано во текот на календарската година**

2. Континуирана обука на вработените во Дирекцијата согласно уврдената динамика определена во Годишната Програма за обуки на државните службеници во Дирекцијата за заштита на личните податоци во 2011 година бр.02-1302/1 од 27.10.2010 година

**Рок: Континуирано во текот на календарската година**

## VI. ПРОЕКТИ

1. Во рамките на проектот ,,ИПА 2008 Поддршка на Дирекцијата за заштита на личните податоци“ во текот на 2011 година Дирекцијата ќе започне со реализација на овој проект кој има за цел:

- целосно усогласување на националните прописи со правото на Европската Унија за заштита на личните податоци, acquis communautaire и најдобрите практики;
- зајакнување на управувачките и техничките капацитети на Дирекцијата;
- подигнување на свеста за заштитата на личните податоци кај пошироката јавност а особено кај имателите на збирки на лични податоци (контролори односно обработувачи);
- зајакнување и модернизирање на инфраструктура на Дирекцијата.

2. Во текот на 2011 година ќе се реализира проект со поддршка на дипломатското претставништво на Европската Унија во Република Македонија кој ќе има за цел да помогне во процесот на развивање на стратешките документи за работа на Дирекцијата и ефикасно спроведување на прописите за заштита на личните податоци, согласно најдобрите практики на земјите-членки на Европската Унија.

Со овој проектот се опфатени три компоненти и тоа:

- Поддршка за изработка на стратегија за имплементација на прописите за заштита на личните податоци
- Подготовка на коментар на измените и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци и
- Подигање на свеста на медиумите за правото на заштита на личните податоци.

## VII. СОРАБОТКА И КОНСУЛТАЦИИ СО ЈАВНИОТ, ПРИВАТНИОТ И НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР

1. Изработување на мислења за усогласеноста на документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на контролорите и обработувачите со прописите за заштита на личните податоци.

**Рок: Контунуирано во текот на Календарската година**

2. Изработување на укажувања за усогласување на работењето на контролорите и обработувачите со прописите за заштита на личните податоци

**Рок: Контунуирано во текот на Календарската година**

3. Одржување на консултации со контролорите и обработувачите за поефикасна имлементација на прописите за заштита на личните податоци

**Рок: Контунуирано во текот на Календарската година**

4. Активно учество на претставници на Дирекцијата во проектот за имплементација на електронска лична карта во рамките на работната група формирана од страна на Министерството за внатрешни работи

**Рок: Февруари 2011 година**

5. Активно учество на претставници на Дирекцијата во проектот за воспоставување на Регистар за педофили во рамките на Работната група за изменување на Кривичниот законик формирана од страна на Министерството за правда

**Рок: Контунуирано во текот на Календарската година**

6. Активно учество на претставници на Дирекцијата во Работната група за изработување на подзаконски акти согласно прописите за евиденции од областа на здравството.

**Рок: Контунуирано во текот на Календарската година**

7. Активно учество на претставници на Дирекцијата во проектот за воспоставување на електронска здравствена картичка и електронска медицинска документација во рамките на проектната група формирана од страна на Министерството за здравство и Фондот за здравство на Македонија.

**Рок: Контунуирано во текот на Календарската година**

8. Активно учество на претставници на Дирекцијата во проектот за восопставување на интегрирана база на податоци за странци вклучувајки азил и миграција.

**Рок: Март 2011 година**

## VIII. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во текот на 2011 година Дирекцијата активно ќе учествува на соодветни настани од областа на заштитата на личните податоци преку Советот на Европа, Европската Унија, и другите национални институции - органи за заштита на личните податоци во Европската Унија со цел зајакнување на меѓународната соработка и размена на искуства за унапредување на културата за заштита на личните податоци.

1. Учество на претставници на Дирекцијата на работните состаноци во рамките на Работната група 29 на Европската Комисија;
2. Учество на претставници од Дирекцијата на состаноци и пленарна седница на Консултативниот Комитет за заштита на личните податоци при Советот на Европа (T-PD);
3. Учество на претставници од Дирекцијата на Пролетна конференција на Европските органи за заштита на личните податоци;
4. Учество на претставници од Дирекцијата на Конференцијата за заштита на личните податоци на органите од Југо Источна Европа;
5. Учество на претставници од Дирекцијата на Интернационалната конференција за заштита на личните податоци;
6. Учество на претставници од Дирекцијата на работилниците за практична примена на прописите за заштита на личните податоци – Case Handling Workshop.

Дирекцијата и во 2011 година ќе биде корисник на инстументот за техничка помош TAIEX преку кој ќе се побара стручна помош во повеќе различни области од делувањето на Дирекцијата, а преку веќе познатите форми на помош на овој инструмент (експертски мисии, студиски посети и работилници).

Во 2011 година предвидена е подготовка на Препораки за заштита на личните податоци од страна на медиумите кои ќе бидат наменети за медиумските работници но ќе служат и како препораки за Дирекцијата при водењето на постапки за утврдување на повреда на правото на приватност насочени против медиумите.

Дирекцијата, во соработка со фондацијата Метаморфозис, ќе подготви и промовира водич, повелба и кодекс за креирање на политики на приватност на интернет страниците. Промоцијата на овие материјали ќе се случи на 28 јануари – европскиот ден за заштита на личните податоци.

## VIIII.ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа програма се објавува на веб-страницата на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

ДИРЕКТОР,
Димитар Ѓеоѓиевски